# НОВО

Редакцијата на списанието ИСТОРИЈА ги озвестува своите читатели дека отпочна со издавање на посебни изданија. Првиот број од библиотеката HISTORIA ANTIQUA MACEDONICA ќе биде книгата на професорот Пјер КАРЛИЕ, „Демостен", издадена во Париз 1990-та год. во превод на македонски јазик. Нејзиниот најголем дел се однесува на судирот меѓу Атина и Макеоднија. Затоа во одделни глави даден е кус историски преглед на подемот на Атина и нејзината хегемонија од една страна и кус историјат на издигањето на Македонија и нејзиниот молневит подем во времето на Филип II, што воопшто не ги загрижувало Хелените, затоа што не можеле да замислат дека некој крал на Македонија, од каде не можело да се купи ни добар роб, еден ден ќе завладее со Хелените. Во книгата се опфатени односите на Атина и Македонија од потпаѓањето на грчките полиси под макеоднска власт, па сè до смртта на Демостен. Даден и преглед на мислењата за Демостен од Антиката до денес, од најпозитивните до најнегативните (стоички херој, идеален патриот, најголем говорник, но и персиски агент, предавник, локалпатриот).

Превод, дополнителни објаснувања со литература и забелешки - Наде ПРОЕВА, која на Инситутот за Историја при Филозофскиот факултет го предава предметот Историја на античка Македонија.

Заинтересираните професори и ученици книгата можат да ја купат во библиотеката по Историја на Филозофскиот факултет, К. Мисирков б.б., Скопје, секој работен ден од 7-14 часот.

Цената на еден примерок изнесува 30 ДМ во денарска притивредност. За купување на најмалку 5 примероди се добива попуст од 20%. Уплатите се вршат на жиро сметка 40100-743-7519 Фонд Љубен Лапе, со ознака (за Демостен).

# ПРОМОЦИЈА

## ПРОМОЦИЈА НА Кн. „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО СКОПЈЕ

На 4 мај 1992 година, по повод 120 годишнината од раѓањето на Гоце Делчев, пред бројни научни, културни и општествени работници, во Н У Б „Св. Климент Охридски" беше претставена книгата „Гоце Делчев" од д-р Димитар Димески.

Книгата ја помовира акад. Манол Пандевски.